**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1403-95/3**
**Скопје, 18.02.2008 година**

**ДО**

**ДИРЕКТОРОТ НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА „ДИМИТАР БЕРОВСКИ„ БЕРОВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката на основен буџет (603) на Дом на култура „Димитар Беровски„ Берово за 2006 година, кои се прикажани на страните од 3 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Дом на култура „Димитар Беровски„ Берово за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Звонко Скендерски, директор на Домот на култура во 2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 29.11. до 30.11.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.1.1. Пописот на средствата и изворите на средствата на Домот на културата „Димитар Беровски„ Берово со состојба на 31.12.2006 година не е целосно извршен, спротивно на одредбите од Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, и тоа:

- во пописните листи не се внесени вредносните показатели на поoделните средства;
- не е извршено усогласување на состојбата утврдена со пописот со состојбата искажана во сметководството;
- опремата е без инвентарни броеви.

Како причина за таквата состојба е несоодветниот пристап кон извршување на пописот од страна на формираната пописна комисија и надлежните во Домот на културата.

Поради наведеното постои можност од нереално искажување на состојбата на средствата и нивните извори.

**Препорака:**

- Комисијата за попис да се ангажира за извршување на истиот согласно законските одредби од Правилникот за сметководство кај буџетите и буџетските корисници.
- Лицето задолжено за водење на сметководството да воведе инвентарни броеви на опремата.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 10.1., финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката на основен буџет на Домот на културата „Димитар Беровски„ Берово на ден 31 декември 2006 година, додека резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, е во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Сметката на основен буџет на Домот на културата „Димитар Беровски„ Берово остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**Скопје 12.02.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## ДОМ НА КУЛТУРА „ДИМИТАР БЕРОВСКИ„ БЕРОВО
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 ГОДИНА
## СМЕТКА 603

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 1,406 | 1,521 |
| **Вкупно приходи** | | **1,406** | **1,521** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 1,406 | 1,391 |
| Стоки и услуги | | 0 | 130 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1,406** | **1,521** |
| **Вкупно расходи** | | **1,406** | **1,521** |

**ДОМ НА КУЛТУРА „ДИМИТАР БЕРОВСКИ„ БЕРОВО**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2006 ГОДИНА**
**СМЕТКА 603**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 136 | 132 |
| **Вкупно тековни средства** | | **136** | **132** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 598 | 598 |
| **Вкупно постојани средства** | | **598** | **598** |
| **Вкупна актива** | | **734** | **730** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.1. | 28 | 28 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 108 | 104 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **136** | **132** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 598 | 598 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **598** | **598** |
| **Вкупна пасива** | | **734** | **730** |

**ДОМ НА КУЛТУРА „ДИМИТАР БЕРОВСКИ„ БЕРОВО**
**ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА**
**СМЕТКА 603**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| Состојба 01.01.2005 година | 598 | 598 |
| Зголемување по основ на: | 0 | 0 |
| Намалување по основ на: | 0 | 0 |
| Состојба 31.12.2006 година | 598 | 598 |